Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 28.06. 2024 година донесе: .

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Четириесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **04.07. 2024 година (четврток) со почеток во 14:00 часот** во салата за седници на Совет на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од четириесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 19. 06. 2024 година;

**Точка 1**
Предлог – Решение за верификација на мандатите на делегати/заменик делегати во Локално собрание за млади на Општина Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за донесување на Техничка исправка во Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.1881. и к.п.1866/2 КО Амзабегово-вон гр. Општина Свети Николе:

**Точка 4**
Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Свети Кирил и Методиј" Свети Николе за учебната 2024/2025 година;

**Точка 5**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе за учебната 2024/2025 година;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Даме Груев" с. Ерџелија за учебната 2024/2025 година;

**Точка 7**

Годишен план за вработување на ОУ „Народен Музеј„ Свети Николе за 2025 година;

**Точка 8**

Годишен план за вработување на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2025 година;

**Точка 9**

Годишен извештај за работата на ООУ„Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2023/2024 година;

**Точка 10**

Годишен извештај за работата на ООУ„Даме Груев„ с. Ерџелија за 2023/2024 година;

**Точка 11**

Годишен извештај за работата на ООУ„Гоце Делчев„ Свети Николе за 2023/2024 година;

**Точка 12**

Барање финансиски средства за котизација на фестивалот Распеани срца 2024 година;

**Точка 13**

Барање финансиска помош од лицето А.З.

**Точка 14**

Барање финансиска помош од лицето В.Ј.

**Бр.0801- 790**
**28.06. 2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска** с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ